**З А П И С Н И К**

**од Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 октомври 2025 година**

**Скопје, октомври 2025 година**

**З А П И С Н И К**

**од Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 октомври 2025 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, како и Андреа Ѓошевска претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Сто и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 октомври 2025 година

1. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. Скопје (Државен завод за ревизија)

2. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (за потребите на Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски” на Град Скопје)

3. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.125/25)

4. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.126/25)

5. Предлог-одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Штип (КП бр. 834/1, КО Штип 1)

6. Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Бурсток Лтд, со текст на Меморандум

7. Информација за воспоставување на ТУМО центар во Република Северна Македонија

8. Предлог – програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2025 година

9. Информација во врска со барањето на концесионерот Сателит енерџи ДООЕЛ Куманово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Мраморечка со реф.бр.394

10. Информација за спроведување на проектот „Подобрена имплементација на Директивата на ЕУ за поплави преку усогласување на националната легислатива и подготовка на планови за управување со ризици од поплави“

11. Информација за Индикаторски извештај за животна средина - 2024 година, со Индикаторски извештај

12. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Локов“, с.Франгово, Општина Струга

13. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „Галабовец–Нови Присад“, Општина Прилеп

14. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста“, с. Радолишта, Општина Струга

15. Предлог-одлука за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина – риолит на локалитетот „Крив Пат“, с.Куклиш, Општина Струмица

16. Предлог – одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Пискупштина”, Општина Струга

17. Информација во врска со Барањето за одобрување на Одлуката за надоместок за услугата за вршење транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, доставено од Претпријатието за

нафтени цевоводи Солун-Скопје ВАРДАКС АД – ПОДРУЖНИЦА ВАРДАКС СКОПЈЕ, со Предлог – одлука

18. Предлог на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија

19. Предлог - одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објект-деловен простор на КП бр. 755/13, КО Кисела Вода 2, Општина Аеродром)

20. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (објект кој се наоѓа  на КП бр.755/14 на ул. „Р.Чајавец 8/1“ во Скопје)

21. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој „Во мојот свет“ – Скопје

22. Информација за Шестиот извештај на Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа, со текст на Извештај

23. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за именување на почесен конзул на Романија во Република Македонија, со седиште во Штип

24. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Романија во Република Северна Македонија, со седиште во Штип

25. Информација за потребата од потпишување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република која се однесува на француските воени гробници и воени комеморативни споменици во Република Северна Македонија

26. Информација за статусот на подготовка на ревидирана верзија на Патоказот за владеење на правото согласно коментарите на Европската комисија

27. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Пелагонија“, Скопје

28. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.14315 за КО Куманово)

29. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2025 година

30. Предлог-програма за изменување на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2025 година

31. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2025 година

32. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на јавни здравствени установи - 15 (компресори за операциони сали)

33. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија – Скопје (хируршки тилиум ласер и лапароскопски столб)

34. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи

35. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти

36. Информација за потреба од реформа во примарна здравствена заштита во Република Северна Македонија

37. Предлог на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

38. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

39. Предлог на закон за заштита на името Внатрешна македонска револуционерна организација - ВМРО, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

40. Предлог на закон за Средно полициско училиште, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

41. Предлог на закон за Ваучер за неформална детска грижа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

42. Барање за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), поднесено од пратеникот Скендер Реџепи

43. Барање од Александар Наумоски од Скопје, доставено до Уставниот суд на Република Северна Македонија под БЗСП.бр.14/2025 за заштита на слободите и правата, предвидени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија против Одговорот по Барањето на Собранието на Република Северна Македонија (Комисија за прашања на изборите и именувањата бр.16-280/3 од 9.6.2025 година), во врска со Решението бр.18-2567/2 од 1.4.2025 година за одбивање на Барањето за остварување на правото на плата по престанок на функцијата-претседател на Совет за управување на правото на плата по престанок на функцијата претседател на Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, донесено од Владата на Република Северна Македонија

44. Иницијатива поднесена од Душко Чангов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.89/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 266-в ставови 1 и 2 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23)

45. Иницијатива поднесена од Бранко Радојчиќ, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.118/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 34 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и член 3 став 1 точка 5, член 24 став 2 алинеја 3 и член 69 точка 4 во делот „Жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган“ од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19)

46. Иницијатива од Мултиетнички синдикат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.117/2025 за оценување на уставноста на член 147 и член 148 ставови 2 и 4 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24)

47. Иницијатива од Ментор Јакупи од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.110/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на одредби од член 4, член 6 и член 2 став (3) точка и) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.114/25)

48. Иницијатива од Димитар Шулевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.109/2025 за оценување на уставноста на член 12 став (1) во делот „неговиот брачен другар“, член 13 став (1) во делот „и неговиот брачен другар", член 15 во делот „брачен другар“, член 16 став (1) во делот „неговиот брачен другар“, став (2) во делот „брачниот другар на умрениот“ и став (3) во делот „брачен другар“, член 19 во делот „брачен другар“, член 20 став (1) во делот „ниту брачен другар“ и член 26 од Законот за наследувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/96)

49. Иницијатива од Николче Мушаревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.107/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 64 став 7, член 96 став 2 алинеја 1 , член 97 став 1 и член 120 став 1 од Законот за вработени во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/24)

50. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.70253, за КО Маџари, на КП бр.1901/3, викано место/улица „Благоја Стефковски“ и Имотен лист бр.70295, за КО Маџари, на КП бр.1901/11, викано место/улица „Благоја Стефковски“

51. Понуда од нотар Марија Барзова од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100726, за КО Штип 4, на КП бр.10482, викано место/улица „В.Доганџиски“

52. Понуда од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот на КП бр.1952/1, КО Ракотинци, евидентиран во Имотен лист бр.955, викано место/улица „Стара Река“

53. Понуда од нотар Никола Спасовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.26801, за КО Јурумлери, на КП бр.452/3, викано место/улица „Село“

54. Понуда од нотар Анита Цветановска од Куманово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.305, за КО Довезенце, на КП бр.299, викано место/улица „Трескоча“

55. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4819, за КО Берово, на КП бр.2172 и КП бр.2162, викано место/улица „Брегалница“

56. Кадровски прашања

57. Прашања и предлози

58. Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2024 година

59. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2024 година

60. Информација за степенот на имплементација на обврските од НАТО процесот на одбранбено планирање, чекор 3 и чекор 5, во периодот јануари-јуни 2025 година

61. Информација за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај на тема „Систем за интегрирано планирање на ресурсите - ИПР систем“

62. Информација со Акциски план за спроведување на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивната инклузија на пазарот на трудот“ 2025-2026 година

63. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид, заклучно со јуни 2025 година на ТАВ Македонија, со прилози

64. Информација во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2024 година на ТАВ Македонија и Сертификатот за годишен надоместок за концесија

65. Годишен извештај за работата на Министерството за економија и труд во однос на поднесени барања за издавање на дозволи и одбиени барања за вршење промет на воени стоки за 2024 година

66. Извештај за работата на Државниот пазарен инспекторат за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година

67. Информација за работата на Државниот инспекторат за труд за 2024 година, со Годишен извештај за работата на Државниот инспекторат за труд за 2024 година

68. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за првиот квартал од 2025 година

69. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, за втор квартал (1 април – 30 јуни 2025 година)

70. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес (април - јуни 2025 година), со прилози

71. Извештај за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година, со прилози

72. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот април – јуни 2025 година

73. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за период од 1 јануари 2025 година до 31 март 2025 година

74. Извештај за финансиско работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, за периодот од 1 април до 30 јуни 2025 година

75. Извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за период од 1.1.2025 година до 30.6.2025 година

76. Информација за статус на објект за проектот Изведба на Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо-Охрид

77. Информација за состојбата и финансиските аспекти поврзани со проектот за јавно-приватно партнерство (ЈПП) за интегрирано менаџирање со стерилизација и хируршки услуги во здравствени установи, со фокус на УК „Мајчин дом“

78. Предлог - одлука за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи – Скопје и на Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи–Охрид, Одделение за внатрешни работи - Кичево, Полициска станица од општа надлежност – Кичево

79. Информација за потребата од прераспределба на дел од средствата од заемот од Европската банка за обнова и развој за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин–Табановце

80. Информација за организација и реализација на Четиринаесеттиот Меѓународен форум за енергија и одржлив развој

81. Информација за донесување план за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 година – ноември 2028 година, со Предлог-план

82. Информација за обезбедување на грант-средства за техничка помош од Француската развојна агенција преку зелениот климатски фонд за Програмата за развој на енергетска ефикасност во објеки/згради peeb cool

83. Информација во врска со извршување на пресудата за арбитажен предмет помеѓу тужителот г.Блажо Тасев (наследен од г.Гоце Тасев) против Република Северна Македонија како тужена страна (завршена постапка во полза на Република Северна Македонија)

84. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерални суровини – руди на олово и цинк на локалитетот „Саса“, Општина Македонска Каменица на Рудник Саса ДООЕЛ Македонска Каменица

85. Информација за донесената Пресуда на Арбитражниот суд во Париз, по однос на спорот за ИПА 2 Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“, согласно ФИДИК правилата - Министерство за финансии против компанијата GUNTOLI S.A.S од Франција, во конзорциум со „БАУЕР БГ“ Скопје од Република Северна Македонија и „NGE Contracting S.A.S“ од Франција

86. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

87. Информација за Стратегијата за развој на ИКТ: СМАРТ/МК 2030, со текст на Стратегија и Акциски план

*

*          *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 октомври 2025 година

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. Скопје, како материјал за информирање.

Исто така, се укажува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. Скопје, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. Скопје, да ја разгледаат можноста за постапување по препораката на ревизорот во делот на пребивање на побарувањата и обврските за проширена репродукција на шумите по основ на акцијата Ден на дрвото и за истото, доколку утврдат можност за постапување, да ја информираат Владата.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (за потребите на Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски” на Град Скопје).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.125/25).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.126/25).

**Точка 5**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Штип (КП бр. 834/1, КО Штип 1) и ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Штип, со заклучок Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново мислење по истата и материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата го разгледа Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Бурсток Лтд, со текст на Меморандум и го прифати текстот на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Бурсток Лтд.

Исто така, Владата заклучи Министерството за финансии, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за транспорт, да ги достават мислењата по Меморандумот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, до петок (17 октомври 2025 година).

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на ТУМО центар во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, да достави барање за изнајмување на простор до Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, согласно предложената локација, којшто ќе се користи за потребите за воспоставување на ТУМО центар во Република Северна Македонија.

2.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена, да достави барање до Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во рамки на обезбедените средства преку Договорот за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија, да префрли финансиски средства до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за исплата на надомест за изнајмување на простор за потребите за воспоставување на ТУМО Центар за период од шест месеци.

**Точка 8**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информација во врска со барањето на концесионерот Сателит енерџи ДООЕЛ Куманово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Мраморечка со реф.бр.394 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент, да го склучи Анекс на договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Мраморечка со реф.бр.394, бр.11-2779/1 од 27.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 3.8.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Сателит енерџи ДООЕЛ Куманово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Мраморечка со реф.бр.394, најмалку до 2.10.2026 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на проектот „Подобрена имплементација на Директивата на ЕУ за поплави преку усогласување на националната легислатива и подготовка на планови за управување со ризици од поплави“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи, Министерството за финансии, Агенцијата за катастар на недвижности, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија“- Скопје, врз основа на претходно доставените спецификации на потребни податоци, од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, а кои се значајни за изработка на картите за опасност и ризик од поплави, планот за воведување на систем за рано предупредување за поплави и плановите за управување на ризикот од поплави, истите да ги достават не подоцна од три седмици од моментот на добивање на спецификацијата на барани податоци.

2. Го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, на секои шест месеци, да ја информира Владата за реализацијата на проектот „Подобрена имплементација на Директивата на ЕУ за поплави преку усогласување на националната легислатива и подготовка на планови за управување со ризици од поплави “, се до неговото завршување.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за Индикаторски извештај за животна средина - 2024 година, со Индикаторски извештај, ја усвои Информацијата и го усвои Индикаторскиот извештај за животната средина - 2024 година.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Локов“, с.Франгово, Општина Струга.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „Галабовец–Нови Присад“, Општина Прилеп.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста“, с. Радолишта, Општина Струга.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина – риолит на локалитетот „Крив Пат“, с.Куклиш, Општина Струмица.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Пискупштина”, Општина Струга.

**Точка 17**

Владата на предлог на предлагачот, ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Барањето за одобрување на Одлуката за надоместок за услугата за вршење транспорт на нафтени деривати преку продуктовод, доставено од Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје ВАРДАКС АД – ПОДРУЖНИЦА ВАРДАКС СКОПЈЕ, со Предлог – одлука.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 18**

Владата на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објект-деловен простор на КП бр. 755/13, КО Кисела Вода 2, Општина Аеродром).

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (објект кој се наоѓа на КП бр.755/14 на ул. „Р.Чајавец 8/1“ во Скопје).

**Точка 21**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој „Во мојот свет“ – Скопје, со заклучок истата да се разгледа на седница на Владата по завршување на изборниот процес.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за Шестиот извештај на Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа, со текст на Извештај и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Шестиот извештај на Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да го достави Шестиот извештај на Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа до Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за национални малцинства, најдоцна до 15 октомври 2025 година.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за именување на почесен конзул на Романија во Република Македонија, со седиште во Штип.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Романија во Република Северна Македонија, со седиште во Штип.

**Точка 25**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од потпишување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република која се однесува на француските воени гробници и воени комеморативни споменици во Република Северна Македонија.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на ревидирана верзија на Патоказот за владеење на правото согласно коментарите на Европската комисија и ја усвои со следниот заклучок (усогласен со Секретаријатот за законодавство):

- Се задолжува Министерството за правда, како носител на Поглавје 23 во соработка со Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Врховниот суд на Република

Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на јавни обвинители, Судскиот буџетски совет, Народниот правобранител, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита од дискриминација, Академијата за судии и јавни обвинители, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Канцеларијата за поврат на имот, Агенцијата за управување со одземен имот, Агенцијата за заштита на личните податоци, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и Министерството за внатрешни работи, како носител на Поглавје 24 во соработка со Министерството за правда, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Министерството за финансии - Царинска управа, Народната банка на Република Северна Македонија, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Националниот координатор за борба против тероризам и насилен екстремизам, Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Националната комисија за мало и лесно оружје, во рок од седум работни дена, до Министерството за европски прашања да доставaт позиции за отворените мерки од Патоказот за владеење на правото.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Пелагонија“, Скопје и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Пелагонија“, Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и предлагачот кон доставениот материјал да ја приложи сопственичко-правната документација (Имотен лист бр.588298).

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.14315 за КО Куманово).

**Точка 29**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 30**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 31**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2025 година.

**Точка 32**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Струга (компресори).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци (компресори).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Велес (компресори).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје (компресори).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Куманово (компресори).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани (компресори).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Струмица (компресори).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје (компресори).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје (компресори).

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница „Др. Ферид Мурад” - Гостивар (компресори).

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово (компресори).

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје (компресори).

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија - Скопје (компресори).

14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за нефрологија - Струга (компресори).

15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо” - Охрид (компресори).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија – Скопје (хируршки тилиум ласер и лапароскопски столб).

**Точка 34**

Владата на предлог на предлагачот, ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 35**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 36**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потреба од реформа во примарна здравствена заштита во Република Северна Македонија.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Предлогот на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, предлага дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25 и 154/25), со одредби со кои се уредува правото на откуп на стаж.

Предложените законски одредби, создаваат законска можност осигуреник да може за период за кој не бил во осигурување да откупи стаж во траење на не повеќе од 24 месеци, доколку овој стаж му е потребен за исполнување на условот за стекнување со правото на пензија од најмалку 15 години стаж.

Стажот кој осигуреникот може да го откупува, согласно Предлогот на закон се однесува за периодот до 31.12.2020 година. Според даденото образложение на Предлогот на закон, целта за неговото донесување е да се олесни пристапот до пензија и да им се помогне на лицата кои не ги исполнуваат критериумите за старосна пензија само поради недостиг од 1 до 2 години стаж и покрај исполнетиот услов за возраста. Ова од причина што, според предлагачот на Предлогот на закон, голем број лица во Република Северна Македонија, поради прекини во работниот однос, несоодветна вклученост во формалната економија или престој во странство, имаат периоди во својот  работен век кои не се опфатени со задолжително пензиско и инвалидско осигурување. Овие празнини често претставуваат пречка за навремено стекнување право на старосна или предвремена пензија.

Владата укажува дека за негово донесување потребно е предложените законски решенија да се засновуваат на претходна анализа, која ќе треба да ги даде одговорите на прашањата за тоа колку лица би биле опфатени со нивната примена, дали со плаќањето на придонеси на најниска основица се создава обврска за доплата од страна на Фондот за да се обезбеди загарантираниот законски најнизок износ на пензија и со тоа би се создале фискални импликации и колку тие фискални импликации би изнесувале и дали со законските решенија би се опфатиле и осигурениците кои се членови во вториот пензиски столб, а чии средства од придонес се инвестираат и оплодуваат и кои имаат различни проценти на пресметка на пензијата од осигурениците во првиот пензиски столб.

Предложените законски измени ќе предизвикуваат фискални импликации на долг рок, пред сé поради тоа што со предложените законски измени ќе порасне бројот на корисниците на пензија со најнизок износ на пензија, кој секогаш ја оптоварува буџетската компонента на Фондот и со тоа значително го зголемува финансискиот товар и долгорочно може да ја загрозува ликвидноста и солвентноста на пензискиот систем.

Понатаму, се смета дека овозможувањето да се откупи стажот заклучно до 31 декември 2020 година, во период кога е воспоставен систем на генерирана наплата на придонес, кој се пресметува и плаќа при исплатата на платата од страна на Управата за јавни приходи, ќе се рефлектира на процесите во Управата за јавни приходи.

Според тоа, во однос на подзаконските акти кои се предвидени да се донесат со Предлогот на закон, се смета дека покрај формата и содржината на барањето треба да се пропише и начинот на кој ќе се спроведува постапката за откупот на стаж, додека рокот за нивното донесување треба да биде подолг од предвидениот, имајќи предвид дека е потребно да се спроведат подготвителни активности, како и адаптација на апликативните решенија на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Управата за јавни приходи во поглед на примената на законските решенија кои се предлагаат.

Исто така, потребно е да се спроведуваат детални и комплексни финансиски, социјални и административни анализи, што ќе придонесат кон донесување на одлука која ќе ги балансира социјалните потреби на лицата со недоволен стаж и финансиската одржливост на пензискиот систем. Без ваков пристап невозможно е да се гарантира стабилноста, безбедноста и довербата на осигурениците во системот за пензиско и инвалидско осигурување.

Поради горе наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**<u>Точка 38</u>**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за здравство и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, да достави до Владата заедничко (обединето) мислење.

**Точка 39**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за заштита на името Внатрешна македонска револуционерна организација - ВМРО, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за култура и туризам, во соработка со Министерството за правда и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, да достави до Владата заедничко (обединето) мислење.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлогот на закон за Средно полициско училиште, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

1. Во членот 8 од предложениот закон, се предлага по зборовите „полициско училиште“ да се додадат зборовите „ги предлага Министерството за внатрешни работи, а“.

2. Во членот 11 во ставот (1), зборот „учебната“ да се замени со зборот „наставната“, од причини што учебната година завршува на 31 август, а е потребен одреден период за проверка на учениците кои ќе ја започнат наредната учебна година од 1 септември во Средното полициско училиште.

3. Во член 12 во ставот (2), зборовите „со родителот, старателот или застапникот по закон на ученикот“ предлагаме да се заменат со зборовите „помеѓу родителот, старателот или застапникот по закон на ученикот и Средното полициско училиште“, заради допрецизирање на текстот на одредбата.

4. Во однос на предложениот член 16, се укажува на потребата зборовите „испит за завршување на средно образование“ да се заменат со зборовите „испити на крајот на средното образование“, заради усогласување со Законот за средното образование.

5. Во член 17 во ставот (4), се предлага на крајот од реченицата да се додадат зборовите „до десетти јуни“.

6. Членот 18, се предлага да се измени и да гласи:

„Член 18

(1) Орган на управување во средното полициско училиште е училишниот одбор.

(2) Училишниот одбор е составен од 12 члена и тоа седум претставници од наставниците, четири претставници од родителите, односно старателите на учениците, еден претставник од Министерството за внатрешни работи.

(3) Претставниците од родителите, односно старателите на учениците, не можат да бидат именувани, односно избирани од редот на вработените во училиштето.

(4) Училишниот одбор  од редот на своите членови избира претседател.

(5) Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на одборот.

(6) Училишниот одбор:
-  донесува статут
- одлучува по жалби на ученици, родители, односно старатели на учесници во однос на спроведувањето на обуката и оценувањето, по што донесува мислење со препорака за понатамошно постапување во однос на предметот на жалбата
- одлучува по барања од страна на ученик, родител, односно старател во врска со обуката и оценувањето.

(7) За одржаните седници се изготвува записник.“

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Предлогот на закон за Средно полициско училиште, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 41**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за Ваучер за неформална детска грижа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со Министерството за финансии, Министерството за дигитална трансформација и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење.

**Точка 42**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), поднесено од пратеникот Скендер Реџепи и притоа го утврди следното мислење:

Физичките или правните лица, кои совесно ги владееле и ги користеле на територијата на Република Северна Македонија своите возила од категориите наведени во член 2 од Законот за дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/23), можеле да поднесат барање за регистрација со докази, (согласно новиот член 97-б), само во период кога истиот бил дел од правниот поредок, односно до 30 јуни 2024 година.

Воедно, се укажува дека согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Исто така, од аспект на оправданоста и целисходноста на Барањето поднесено од страна на пратеникот Скендер Реџепи, се посочува дека со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 148/25), се надминува ова прашање, односно во делот „ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ“ во

членот 66, физичките и правните лица кои започнале постапка за регистрација, согласно членот кој е предмет на толкување, можат да ја продолжат постапката во рок од шест месеци од влегување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за возила, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 148/25.

**Точка 43**

Владата го разгледа Барањето од Александар Наумоски од Скопје, доставено до Уставниот суд на Република Северна Македонија под БЗСП.бр.14/2025 за заштита на слободите и правата, предвидени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија против Одговорот по Барањето на Собранието на Република Северна Македонија (Комисија за прашања на изборите и именувањата бр.16-280/3 од 9.6.2025 година), во врска со Решението бр.18-2567/2 од 1.4.2025 година за одбивање на Барањето за остварување на правото на плата по престанок на функцијата-претседател на Совет за управување на правото на плата по престанок на функцијата претседател на Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, донесено од Владата на Република Северна Македонија и со оглед дека се работи за акт донесен од Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија не е надлежна да одлучува по предметниот материјал.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Душко Чангов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.89/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 266-в ставови 1 и 2 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 266-в ставовите (1) и (2) од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23).

Според подносителот на предметната Иницијатива, оспорениот член од Законот за облигационите односи не е во согласност со членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија, со кои се утврдени темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија, во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите.

Поаѓајќи од начелата на облигационото право, се согледува дека начелото на совесност и чесност има особено значење при толкување на непотполните и нејасните одредби на правните дела. Конкретно, толкувањето врз основа на совесност и чесност во смисла на урамнотежување на интересите на договорните страни доаѓа до израз при толкување на општите услови на работењето кои паѓаат на товар на оној што ги истакнал. Законодавецот предвидел и постоење

на начело за забраната за злоупотреба на правото од причина што субјективното право што му припаѓа на секој поединец претставува инструмент за задоволување на интересите и поаѓајќи од наведеното, титуларот постапува според својата волја и во таква своеволност, всушност, се покажува врската меѓу субјективните права и човековите слободи. Следствено на тоа, преку остварување на содржината на некое право неговиот титулар наидува на извесни позитивно – правни граници, било тоа да произлегуваат од субјективни права на други лица или да се права кои според позитивното право се заштитени јавни интереси.

Од таа причина, произлегува ова начело, особено кога титуларот го остварува правото спротивно на целта заради која е со закон воспоставено или признаено или причинува штета на друг. Средствата за заштита од злоупотреба на правото во граѓанското право, со кои засегнатото лице се штити против туѓите посегнувања во неговото право или со закон заштитени интереси се тужба и приговор.

Подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува на тоа дека со оспорената одредба се ставаат граѓаните – должници кои плаќаат навремено парични обврски во неповолна положба од должниците кои не плаќаат навремено парични обврски, бидејќи начелото на слобода на уредување на облигационите односи е тесно поврзано со член 3 од Законот за облигационите односи (автономија на волјата). Учесниците во правниот промет слободно го уредуваат облигациониот однос, а тоа значи дека постои една помала или поголема област во која волјата на учесниците формално, слободно се движи и се определува со одредени ограничувања, што се изразува со мислата дека облигационите односи се уредуваат во согласност со Уставот и законите.

Ваквите граници на слободата на уредувањето на облигационите односи, поставени се во материјата кај недозволеноста на предметот и основот на договорната обврска, кај ништовноста на договорите, како и кај недозволените услови на договорот. Но, слободата не е апсолутна, туку се движи во одредени граници коишто не секогаш се поставуваат произволно од страна на законодавецот. Во таа смисла е и слободата на страните сами да одлучат за засновање на еден облигационо – правен однос, да одлучат со кого тие ќе го засноваат, со каков вид на договор и со каква содржина и во која форма ќе го склучат, а тоа да движи во рамките на Уставот и законите.

Во поглед на казнената и договорната камата, тие детално се регулирани со постојниот Закон за облигационите односи.

I. Договорната казна претставува со договор определен паричен износ или некоја друга материјална корист за која должникот се обврзува да му ја плати на доверителот, односно да му ја прибави на доверителот во следните случаи:
- ако не ја исполни својата обврска и
- ако задоцни со нејзино исполнување.

Договорната казна има две функции:

1. Таа претставува средство за исполнување на обврската (без оглед дали настапила или не настапила некоја штета за доверителот, должникот треба да ја плати според условите и претпоставките содржани во договорот) и

2. Таа претставува средство на надоместување на штетата која може да настане во случај на повреда на должниковата обврска (договорната казна го ослободува доверителот да води долготрајни процеси и парници докажувајќи дека претрпел штета и во колкава мера. На овој начин со договарање на договорната казна, доволно е доверителот да докаже дека должникот

ја повредил договорната обврска и врз основа на тоа да бара наплата на договорната казна без да докажува колкава штета претрпел, но од друга страна, пак, доколку доверителот претрпел некаква штета, а таа ја надминува висината на договорната казна, во тој случај може да бара и разлика до целосниот надомест на штета).

Со договорната казна може да се обезбеди секоја обврска без оглед на изворот од кој таа потекнува, освен за парични обврски, бидејќи законот пропишува дека за парични обврски следува законска казнена камата.

II Казнена камата – должникот кој ќе задоцни со исполнување на парична обврска, долгува покрај главниот долг и казнена камата по стапката утврдена со закон.  Покрај тоа, доверителот има право на казнена камата без оглед на тоа дали претрпел штета поради должниковото задоцнување. Каматата, всушност, претставува цена која се плаќа за употребата на пари или за други заменливи предмети без тие да му се ставени некому на располагање или некој ги користи и без договор.

Тој што должи камата не мора парите навистина да ги користи, доволно е да е во можност да ги користи или на некој начин, со неизвршување на својата обврска да спречи друго лице да ги користи.

За разлика од договорната камата, кај која обврската за плаќање на каматата и нејзината висина се определени со договор меѓу страните, обврската за плаќање кај казнената камата и нејзината висина се определуваат со закон и служи како санкција за ненавремено исполнување на обврската што со закон е предвидена со оглед на природата на парите како предмет на долгот.

Во поглед на договорната камата направени се интервенции во максималната висина на каматната стапка која што може да се определи со договор. Во таа насока е и измената во законот со која е предвидено, каматата на неплатениот долг да престане да расте кога ќе го достигне износот на главнината, односно каматата повеќе не смее да биде повисока од износот на долгот. „Кога износот на стасаната, а неисплатена договорна камата ќе го достигне износот на главнината, каматата престанува да тече“.

Во поглед на казнената камата направени се интервенции во максималната висина на казнената каматна стапка и тоа во членот 266-а по став (7) се додаде нов став (8), кој гласи: „Кога износот на достасаната, а неисплатена казнена камата ќе го достигне износот на главнината, каматата престанува да тече‘‘.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорената одредба од Законот за облигационите односи е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 266-в ставовите (1) и (2) од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

**<u>Точка 45</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Бранко Радојчиќ, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.118/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 34 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на

Република Северна Македонија" бр.96/19) и член 3 став 1 точка 5, член 24 став 2 алинеја 3 и член 69 точка 4 во делот „Жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган“ од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија предлага да се поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 1 точка 5, член 24 став 2 алинеја 3 и делот од член 69 став 4 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 34 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), бидејќи согласно наводите на подносителот, истите се во спротивност со одредбите од член 8, член 51 и Амандман XXI од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот, основаноста за оспорување на законските одредби од Законот за управните спорови пред Уставниот суд ја црпи од создавањето на системски ризик за уставниот поредок на Република Северна Македонија, односно се воспоставува несоодветна и уставно неиздржана надлежност на Управниот суд да врши контрола врз акти на Собранието кои по својата природа не се управни туку политички акти, што произлегуваат од неговата уставна функција, како законодавен и политички орган, со што директно го нарушува уставното начело на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, создавајќи правна несигурност и овозможувајќи на судската власт да навлегува во ексклузивната надлежност на законодавната власт.

Причините поради кои ја оспорува уставноста на одредбите подносителот ги изнесува преку анализа на оспорените законски одредби од Законот за управните спорови и Законот за судовите, наведувајќи дека тие се во директен судир со уставниот поредок од причини што има погрешно поимање на природата на актот: одлуката на Собранието за избор на судија на Уставниот суд, член на Судскиот совет, гувернер на Народната банка и сл. не претставува класичен „управен акт“, односно одлуката на Собранието е политички акт „par excellence“ кој произлегува од неговата суверена уставна позиција, одлуката е политички изразена волја во посебна собраниска процедура, истата не се носи во управна постапка, па од тука „законитоста“ што ја цени Управниот суд на овој вид одлука е концептуално погрешно и овозможува бришење на границите меѓу трите власти.

Повикувајќи се на компаративната практика во Европската Унија, подносителот наведува дека постои игнорирање на доктрината која служи за заштита на принципот на поделба на власта, односно постои јасна дистинкција меѓу управните акти и т.н. „акти на владеење“ (acte de government), а како пример се повикува на праксата во Франција, Германија и Словенија, каде што управниот спор не е дозволен за оспорување на акти донесени за избор, именување, разрешување во рамки на уставни функции.

Во наводите на оваа иницијатива како причина за оценување на уставноста, изнесена е контролата и автономијата на различни државни органи преку непочитување на член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот (владеење на правото и поделба на државната власт), член 51 од Уставот (начело на уставност и законитост), член 68, 84, 91, како и други членови од Уставот кои го регулираат делокругот на Собранието, Претседателот и Владата, игнорирање на логиката на управниот спор како средство за контрола на акти на органи на управата, а не на органи со уставни функции.

Во однос на членот 34 од Законот за судовите подносителот во наводите од Иницијативата укажува дека оваа одредба овозможува проширување на управно – судска контрола во области

кои се од исклучиво уставно – политичка природа, со тоа што се нарушува уставната поделба на власта и се прекршува начелото дека таквите одредби треба да бидат предмет на посебна уставна или политичка контрола, создава ризик од судско мешање во суверени одлуки на законодавната и извршната власт, што доведува до правна несигурност и политичка нестабилност.

При анализа на правните прашања покренати со уставната иницијатива за оспорување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), се смета дека изнесените наводи во Иницијативата се неосновани заради следното:

Со оспорените одредби од Законот за управните спорови и Законот за судовите целосно е почитуван принципот на двостепеност и судска заштита, што е гарантирано и со Европската конвенција за човекови права и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права. Дополнително, се укажува дека Управниот суд не навлегува во надлежностите и не се меша во работата на Собранието на Република Северна Македонија, туку во своето одлучување ја цени законитоста на наведените одлуки на Собранието. Во Развојната секторска стратегија 2024-2028, во Приоритетната област 4, е предвидена посебна цел 4.1 Реформа на уставна рамка на Уставниот суд преку овозможување на законско уредување на постапката, како и воведување на институтот на уставна тужба (жалба) и зајакнување на капацитетите на Уставниот суд. За реализација на наведените активности се предвидени и конкретни рокови со надлежни институции за реализација, со што дополнително ќе се усогласи и ќе се подобри системот за правото на жалба на одредени одлуки на Собранието.

Од горенаведените причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 3 став 1 точка 5, член 24 став 2 алинеја 3 и член 69 став 4 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и член 34 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие членови, односно да ја отфрли предметната Иницијатива за оценување на уставноста.

**<u>Точка 46</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Мултиетнички синдикат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.117/2025 за оценување на уставноста на член 147 и член 148 ставови 2 и 4 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите на подносителот на Иницијативата, со оспорените законски одредби од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, со кој се заменува законски утврдената минимална плата со систем на плата изразен преку бодови, а вредноста на бодот се утврдува од страна на министерот за одбрана, не се дефинирани критериуми и законска рамка, што е спротивно на член 8 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија. Воедно, во наводите, подносителот на Иницијативата акцентот го става на неусогласување на платите на припадниците на Армијата, со зголемувањето на минималната плата во 2024 и 2025 година.

Во член 147 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, е утврдено дека, вредноста на бодот за плата на активниот воен персонал се утврдува со решение на министерот за одбрана.

Во член 148 став (2) се утврдува дека основната плата ја сочинуваат минимални бодови, како и бодовите кои се определуваат според чинот, должноста, армискиот додаток и работното искуство. Во став (4) од истиот член е утврдено дека, минималните бодови на плата се минимален број на бодови за плата што ја добива секој активен воен персонал кој изнесува 606 бода.

Според член 2 од Законот за минималната плата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/14), минимална плата е најнискиот месечен износ на основната плата за полно работно време, кој работодавачот мора да го исплати, според член 3, сите работници имаат право на минималната плата, а според член 4 од истиот закон, минималната плата се усогласува секоја година и не смее да биде пониска од 57% од просечната нето-плата во државата.

Врз основа на точка 1 од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 септември 2023 година, меѓу другите државни органи, Министерството за одбрана беше задолжено да достави соодветни предлози за изменување на законите од својата надлежност, каде минималната плата е компонента на основната плата, на начин што, апсолутниот износ на минималната плата ќе се претвори во соодветен број на бодови, согласно постојната вредност на бодот, а бројот на бодови соодветно ќе се зголеми согласно зголемувањето на платата за 10% од септември 2023 година. Во точката 2 од истиот Нацрт-записник, е заклучено дека, до донесување на соодветните законски измени, порастот на платата за септември 2023 година, ќе се имплементира преку директно зголемување на основаната бруто плата за 10%, согласно член 14 од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23).

Врз основа на обврските кои произлегуваат од заклучоците на Владата од Нацрт-записникот од Осумдесет и седмата седница, одржана на 26 септември 2023 година, се изврши измена на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24), со тоа што претходниот елемент на основната плата кој беше ,,минимална плата’’, се измени во „минимални бодови“, соодветно на износот на минималната плата, со што новиот елемент на основната плата се ,,минимални бодови на плата, кој изнесува 606 бода’’.

Во Законот за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/24), кој отпочна да се применува од 11 март 2025 година, а во делот на платите и надоместоците на плати, отпочна да се применува од 1 јануари 2025 година, во делот на основната компонента на платата е утврдено дека истата меѓу другото ја сочинуваат „основни бодови на плата“, односно не е утврдено дека елемент на основната компомента на платата е ,,минималната плата’’.

Се цени дека повторното враќање на претходното законско решение со кое беше утврдена минималната плата како елемент на основната плата е нерационално решение, воедно и проблематично со далекусежни последици, кои се однесуваат на пресметките и исплатите на платите на припадниците на Армијата, како и на вработените Министерството за одбрана.

Меѓу другото се истакнува дека предметната Иницијатива за оценување на уставноста е поднесена по повеќе од една година од донесување на Законот на изменување и дополнување на за служба во Армијата ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24), со

кој се утврдува дека основната плата повеќе не ја сочинува елементот „минимална плата“, туку „минимални бодови“.

По извршените анализи, во надлежната организациона единица за плати, не се утврди дека во делот на платите за активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, има вработени кои остваруваат плата под законски определената минимална плата, односно дека работодавачот, Министерството за одбрана, на вработените им исплатува плата, согласно закон за работа извршена за полно работно време и исполнет работен учинок.

Во врска со оспорените законски одредби, се истакнува дека како институција која го почитува Законот, секогаш водело и води сметка за усогласување на платите на вработените со минималната плата, од кои причини упатувањето на „минимални бодови“ наместо „минимална плата“ во делот на основната плата, не претставува пречка да се врши усогласување на платите на припадниците на Армијата со мининалната плата и кога таа се зголемува, за толкав износ да се зголемуваат платите на припадниците на Армијата.

Согласно погоре наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 147 и член 148 ставови (2) и (4) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24).

**Точка 47**

Владата ја разгледа Иницијативата од Ментор Јакупи од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.110/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на одредби од член 4, член 6 и член 2 став (3) точка и) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.114/25) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 2 став (7) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 29/03, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 40/09, 48/09, 81/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 103/21 и 86/25), во член 51 став (1) се додава нова точка и) која гласи: „Собранието не го усвои извештајот за работа на Агенцијата за претходната година".

Согласно член 4 од Законот, со денот на неговото влегување во сила, престанува мандатот на членовите на Советот на експерти на Агенцијата кои го исполнуваат условот од член 1 од Законот.

Членот 6 од Законот, го уредува неговото влегување во сила, кое е со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Овие одредби од Законот подносителот на Иницијативата ги оспорува поради повреда на уставните одредби од член 8 став (1) алинеја 3, член 51 и член 52 став (3) и став (4) од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок.

Согласно член 51 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Согласно член 52 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето.

Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните (став 4).

Првиот основ по кој се оспоруваат одредби од Законот е дека со нив се повредува владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок, што подразбира усогласеност на понискиот правен акт со повисокиот правен акт, како и усогласеност на правните акти од ист ранг помеѓу себе. Владеењето на правото подразбира законските и подзаконските одредби да бидат јасни, разбирливи, прецизни и усогласени едни со други, затоа што само така може да се обезбеди владеење на правото и да се елиминира можниот субјективизам од органот кој го применува правото. Со оспорените одредби се создава правна несигурност во правниот промет, што не е во согласност со начелото на владеење на правото.

Вториот основ поради кој одредбите од Законот се оспоруваат е повреда на уставната забрана за ретроактивно/повратно важење на законот, а која се прекршува со членот 4 од Законот.

Третиот основ за оспорување е поради тоа што Законот, согласно член 6, започнува да се применува веднаш со неговото објавување, без vacatio legis, што според подносителот на Иницијативата е во спротивност на одредбите од член 52 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, според кој, законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Во образложението на Законот, Собранието не дава никакво образложение за причините за скратување на уставно утврдениот vacatio legis, со што, се доведува во прашање и почитувањето на член 52 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија.

Ваквите наводи на подносителот на Иницијативата се неосновани поради повеќе причини:

Со оспорената одредба од член 2 од Законот, со кој се дополнува член 51 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 29/03, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 40/09, 48/09, 81/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 103/21 и 86/25), со нова точка и), со која се предвидува нов основ за разрешување на членовите на Советот на експерти и престанување на нивниот мандат пред неговото истекување во случај кога: „Собранието на Република Северна Македонија не го усвои извештајот за работа на Агенцијата за претходната година". Со оваа одредба од Законот не се повредува правната сигурност како што наведува подносителот на Иницијативата, ова од причина што се работи за извештај за работењето на Агенцијата којшто е донесен за време на траењето на мандатот на постојните членови на Советот на експерти. Обврската за отчетност на носителите на јавните функции претставува инструмент на секој демократски систем, кој ја спречува злоупотребата на моќ и корупцијата и ја зголемува довербата на граѓаните во институциите. Ова значи дека сите лица кои вршат јавна функција имаат должност да работат транспарентно и да даваат отчет за своите активности, одлуки и за начинот на кој ги користат јавните ресурси. Воведувањето на законско прекинување на мандатот

е во директна служба на уставните вредности, вклучувајќи го и владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок.

Подносителот ја оспорува уставноста на член 4 од Законот, со кој се дополнува член 51 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 29/03, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 40/09, 48/09, 81/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 103/21 и 86/25), бидејќи се пропишуваат нови правила за мандатот на членовите на Советот на експерти на Агенцијата, кои правила не важеле во моментот кога е доделен мандатот. Така се поткопува правната сигурност во државата. За да постои правна сигурност, потребно е мандатот на актуелните членови на Советот на експерти на Агенцијата да им истече согласно правилата кои важеле кога членовите на Советот на експерти го добиле мандатот, а не правилата предвидени со оспорената одредба да важат и врз веќе доделениот мандат на членовите на Советот на експерти на Агенцијата.

Во однос на уставноста на член 4 од Законот, кој предвидува престанок на мандатот на членови на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, кои имаат повеќе од два последователни мандати, во моментот на влегување во сила на законот постои уставна дозволивост за ограничување на мандати. Ограничувањето на бројот на последователни мандати е општо прифатен демократски инструмент во системи кои тежнеат кон ограничување на моќта, превенција од корупција и овозможување политичка ротација. Тоа не претставува дискриминација, туку легитимна политичко-правна мерка за заштита на демократските процеси. Прекинувањето на мандатот за лица кои имаат повеќе од два мандати не е казна, туку е последица од нова легислатива која го враќа балансот на институционалната моќ. Ова е во корелација со темелните вредности на уставниот поредок од член 8 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија и тоа: владеењето на правото, поделбата на власта, политичкиот плурализам и слободните избори и граѓанската контрола над власта. Долготрајното задржување на функција во повеќе последователни изборни циклуси создава ризик од институционално заробување, клиентелизам и разградување на демократскиот систем. Во демократско општество со отворени и транспарентни институции, продолженото останување на исто лице на јавна функција преку повеќе мандати создава опасност од концентрација на власт и создавање лична политичка моќ. Функционер со четири последователни мандати, како што е случај во Агенцијата, е показател за нарушување на демократската ротација, еднаквоста на шанси и јавниот интерес. Затоа, законодавецот оценил дека е оправдано и неопходно да се спречи натамошно продолжување на таа состојба преку прекин на актуелниот мандат.

Во својата пракса, Уставниот суд на Република Северна Македонија јасно утврдил дека нема право на трајност на јавна функција и дека јавниот интерес може да наложи преструктурирање или прекин на мандатот доколку:

- тоа се прави со закон,
- се применува на еднаков основ и
- се остварува легитимна цел.

При тоа, треба да се има предвид начелото на еднаквост и недискриминација од член 23 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој секој граѓанин има право да учествува во јавни функции. Функционерот кој го губи мандатот не го губи правото на политичко дејствување, туку само не може повторно да биде функционер во иста институција после повеќе мандати. Ограничувањето е општо, објективно, не дискриминира и не го укинува правото на политичко дејствување.

Уставот на Република Северна Македонија не гарантира трајност на мандатот, ниту апсолутно право за продолжување, ниту забрана за прекин доколку постои уставна или законска основа. Согласно член 91 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија има право и обврска да предлага законски реформи за обезбедување демократски и ефикасен систем на владеење.

Иако Законот има повратно дејство по однос на постоечкиот мандат, дејството е во корист на општествениот интерес, насочено кон заштита на принципите на демократска легитимност и против создавање „вечни функционери".

Член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија јасно посочува дека законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен ако тоа е во интерес на граѓаните.

Во конкретниот случај, ова е токму тоа – интерес на граѓаните да не живеат во систем каде исто лице континуирано ја држи функцијата преку политички механизми.

Преодната одредба се применува еднакво за сите функционери кои ги исполнуваат критериумите, без разлика на партиска, етничка или друга припадност, што ја прави мерката објективна, предвидлива и општо применлива без политичка селективност.

Функцијата е времена и јавна и лицето не стекнува право на траен мандат. Прекинот по основ на нов закон е во согласност со јавниот интерес и претставува корекција, а не санкција.

Од наведеното следува дека оспоруваните одредби кои предвидуваат престанок на мандатот на функционери со повеќе од два последователни мандати:

- се уставно оправдани, односно не се противуставни,

- се во согласност со темелните вредности од член 8 од Уставот на Република Северна Македонија и

- имаат дозволена ретроактивност, според член 52 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија.

Одредбата од член 6 од Законот, со која се уредува влегувањето во сила на Законот, не е противуставен, бидејќи е во согласност со член 52 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Донесувањето на законот е во општ интерес на граѓаните и во обезбедување на демократските принципи поради што Собранието предвидува пократок рок на влегување во сила.

Имајќи го предвид горенаведеното, оспорените одредби од член 2, член 4 и член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 114/25), се во согласност со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Ментор Јакупи од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.110/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на одредби од член 4, член 6 и член 2 став (3) точка и) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" број 114/25).

**Точка 48**

Владата ја разгледа Иницијативата од Димитар Шулевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.109/2025 за оценување на уставноста на член 12 став (1) во делот „неговиот брачен другар“, член 13 став (1) во делот „и неговиот брачен другар", член 15 во делот „брачен другар“, член 16 став (1) во делот „неговиот брачен другар“, став (2) во делот „брачниот другар на умрениот“ и став (3) во делот „брачен другар“, член 19 во делот „брачен другар“, член 20 став (1) во делот „ниту брачен другар“ и член 26 од Законот за наследувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/96) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 12 став 1 во делот „неговиот брачен другар“, член 13 став (1) во делот „и неговиот брачен другар“, член 15 во делот „брачен другар“, член 16 став (1) во делот „неговиот брачен другар“, став (2) во делот „брачниот другар на умрениот“ и став (3) во делот „брачен другар“, член 19 во делот „брачен другар“, член 20 став (1) во делот „ниту брачен другар“ и член 26 од Законот за наследувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/96).

Според подносителот на предметната Иницијатива, оспорените членови од Законот за наследувањето не се во согласност со членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија со кои се утврдени темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, односно основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото и правната заштита на сопственоста, член 9 од Уставот каде што се пропишани слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, односно дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Подносителот на Иницијативата смета дека со оспорените одредби е сторена повреда и на членот 30 од Уставот каде е утврдено дека се гарантира правото на сопственост и правото на наследување и дека сопственоста создава права и обврски и треба да служи за доброто на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа освен кога се работи за јавен интерес утврден со Закон.

Според наводите од Иницијативата, подносителот предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја прифати оваа иницијатива и да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорените членови од Законот за наследување и доколку се поведе постапка, судот да донесе решение за времена мерка со која се запира преземањето на поединечни акти или дејствија и постапување во поединечните оставински постапки и расправање на оставината според Законот за наследување во постапките во кои постои веројатност, сознанија и индиции за можно постоење вонбрачна заедница меѓу оставителот и жив вонбрачен другар, а започнатите поединечни правни дејствија да се прекинат.

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, како и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот да се обезбеди заштита пред судовите и Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите.

Правото на сопственост, како субјективно право е стварно право што во себе содржи најшироки овластувања во однос на користењето и располагањето со една ствар, што, всушност, ја сочинува содржината на правото на сопственост.

Нормалното функционирање на сопственоста како главно стварно право, а со тоа и остварувањето на правната сигурност (член 8 од Уставот - темелни вредности, владеење на правото и правната заштита на сопственоста и член 30 од Уставот се кој се гарантира правото на сопственост и правото на наследување) во Република Северна Македонија се реализира на два плана:

- Преку општ генерален закон - Закон за сопственост и други стварни права и
- Преку посебни специјални закони со кои се регулираат одредени сопственички форми.

За да дојде до настанување на еден наследноправен однос, неопходно е да бидат исполнети четири основни услови:

1) настапување на смрт на едно физичко лице - оставител;
2) да постои имот, односно оставина на оставителот;
3) да постојат наследници и
4) да постои правен основ за наследување.

Согласно член 12 од Законот за наследувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/96):

(1) Врз основа на Закон, умрениот го наследуваат: сите негови потомци, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар, неговите посвоители, неговите родители, неговите браќа и сестри и нивните потомци и неговите дедовци и баби и нивните потомци.
(2) Овие лица наследуваат според наследните редови.
(3) Наследниците од поблискиот наследен ред ги исклучуваат од наследство лицата од подалечниот наследен ред.

Согласно член 13 од истиот Закон:

(1) Оставината на умрениот ја наследуваат пред сите неговите деца и неговиот брачен другар.
(2) Тие наследуваат еднакви делови.

Согласно член (4) став (1) од истиот Закон „Во поглед на наследувањето вонбрачното сродство се изедначува со брачното, а сродството создадено со потполно посвојување со крвното сродство.

Воедно, се смета дека оспорените одредби од Законот за наследувањето, потребно е да се разгледаат во корелација со останатите одредби кои произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за наследувањето во целина и Законот за семејство.

Имено, членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија пропишува дека „Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување“.

Членот 3 од Законот за наследувањето ја уредува рамноправноста во наследувањето односно „Граѓаните, под исти услови, се рамноправни во наследувањето“.

Членот 13 од Законот за семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 38/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 138/14, 164/15, 150/15 и „Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21 и 199/23), „Заедница на живот на маж и жена која не е заснована во согласност со одредбите на овој закон (вонбрачна заедница) и која траела најмалку една година, е изедначена со брачната заедница во поглед на правото на меѓусебно издржување и имотот стекнат за време на траењето на таа заедница“.

Согласно членот 218 од истиот Закон:

(1) Имотот кој вонбрачните другари ќе го стекнат во вонбрачна заедница се смета за нивен заеднички имот.
(2) При делбата на тој имот соодветно се применуваат одредбите за делба на заедничкиот имот на брачните другари.

Истовремено, Владата на Република Северна Македонија со одлука формираше Комисија која активно работи на изготвување Граѓански законик, кој е составен од пет дела (општ дел, стварно правни односи, облигационо правни односи, семејно правни односи и наследно правни односи).
Во Книга 5: Наследно правни односи, работната група направи соодветни измени во оваа насока кои се однесуваат конкретно на доуредување на одредбите кои се однесуваат на вонбрачната заедница.

Имајќи го предвид горе наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби од Законот за наследувањето се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 12 став (1) во делот „неговиот брачен другар“, член 13 став (1) во делот „и неговиот брачен другар", член 15 во делот „брачен другар“, член 16 став (1) во делот „неговиот брачен другар“, став (2) во делот „брачниот другар на умрениот“ и став (3) во делот „брачен другар“, член 19 во делот „брачен другар“, член 20 став (1) во делот „ниту брачен другар“ и член 26 од Законот за наследувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/96).

## Точка 49

Владата ја разгледа Иницијативата од Николче Мушаревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.107/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 64 став 7, член 96 став 2 алинеја 1 , член 97 став 1 и член 120 став 1 од Законот за вработени во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/24) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека оспорените одредби не се во согласност со: член 8 став 1, член 9 став 2, член 15 став 1, член 32 став 5, член 50 став 2, член 51, член 54 став 1 и 2 и член 110 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, на член 4 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа, на členовите 107, 203 и 207 од Законот за работните односи, на член 2 и член 4 став (1) и став (2) од Законот за минималната плата, како и на член 1 од Законот за дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22).

Исто така, во прилог на оспорување на предметните одредби од Законот за вработените во Министерството за одбрана, подносителот ја наведува спротивноста на истите со: член 2 став 3 алинеја а) и член 26 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Протоколот бр.12 кон Ковенцијата за заштита на човековите права и основни слободи, член 7 и член 8 од Универзалната декларација за човековите права, член 13 од Европската конвенција за заштита на човековите прва, член 1 од Конвенцијата за одредување на минималната плата, член 4 од

Конвенцијата бр.98 на Меѓународната организација на трудот и Препораката бр.91 на Меѓунродната организација на трудот.

По однос на оспорениот член 64 став (7) од Законот за вработените во Министерството за одбрана, во кој е утврдено дека: „Одлуката на Овластениот одбор е конечна“, подносителот на Иницијативата наведува дека со правото на жалба како едно од основните правни начела, на поединецот му се овозможува заштита на некое право или интерес доколку смета дека му е повредено со акти или дејствија на орган на државната управа или друга институција или му е нарушено правото со непреземање на дејствија од страна на истите.
Наведува дека со оспорената одредба, на вработените во Министерството за одбрана не им е дадена можност да поднесат жалба или приговор против одлуката на Овластениот одбор.

Истакнува дека земајќи го предвид целиот член 64, според кој при оценувањето на вработен во Министерството кое се врши од страна на непосредно раководниот службеник и квалитативната контрола и конечната одлука за оценките е во надлежност на Овластен одбор, фактот дека добиената оценка го искажува квалитетот и посветеноста на вработениот во работата од која зависи развојот во кариера, задржување на категоријата, односно нивото на работното место на кое е распореден, со ускратување на можноста за поднесување на жалба, а потоа и тужба пред надлежен суд, на вработениот му е ускратена можноста за заштита на евентуално повредените права.

По однос на членот 96 став (2) алинеја 1 во кој е уредено дека: „Основната компонента на платата ја сочинуваат: основни бодови на плата“, во корелација со членот 97 став (1) од Законот, подносителот наведува дека, согласно толковниот речник на македонски јазик зборовите „основни“ и „основна“ означуват „почетно“, „елементарно“, а зборовите „минимално“ или „минимален“, означуваат „најситен“, „незначаен“, од што очигледно е дека „основни бодови на плата“ не е исто со „минимална плата“. Наведува дека одредбите се спротивни и на член 4 став (1) од Законот за минимална плата, според кој, секоја година во март се врши усогласување на платите на вработените со мининалната плата и кога таа се зголемува, за толкав износ се зголемуваат, односно усогласуваат платите на вработените.

Од овие причини, истакнува дека ваквата формулација на оспорените одредби ќе бидат пречка за споменатото усогласување на платите на вработените во Министерството за одбрана со минималната плата, а и се поставува прашањето по која методологија би се утврдувал бројот на основните бодови, нивната вредност. Истакнува дека Република Северна Македонија како членка на Меѓународната организација на трудот (МОТ) од 1993 година ги ратификувала конвенциите на организацијата и Конвенцијата за определување на минимална плата, која со донесување на Законот за минималната плата, ја има инкорпорирано во своето законодавство.

Што се однесува до оспорениот член 120 став (1) од Законот, подносителот наведува дека колективните договори се посебен вид на договори кои се резултат на преговори помеѓу репрезентативните организации на работодавачите од една страна и работниците од друга страна, преку кои без разлика дали се општи, на ниво на гранка, оддел или на ниво на работодавач се регулираат правните односи меѓу работниците и работодавачите на начин којшто е прифатлив за обете страни. Иако се плод на согласноста на волјите на двете страни, по нивното склучување и влегување во сила тие се нормативен акт, кој не се смета за закон и за подзаконски акт или друг вид на акт на орган на државна управа, од причина што не е израз само на волјата на законодавната или извршната власт. Ниту во Уставот на државата, ниту во Законот за работните односи со кои се уредува колективното договарање, не се содржани одредби за донесување на колективен договор во определен рок.

Во врска со оспорениот член 120 став (1), со кој се утврдува рок од шест месеци за донесување на колективен договор на Министерството за одбрана, сметано од денот на влегувањето во сила на Законот, подносителот цени дека е спротивен на Уставот и меѓународните конвенции со кои се регулира синдикалното организирање и колективното договарање, од причина што одредување на рок за донесување на колективниот договор претставува супремација на волјата на државната власт наспроти волјата на организацијата на работниците.
Поради наведеното, бара Уставниот суд да поведе постапка на оценување на уставноста на член 64 став (7), член 96 став (2) алинеја 1, член 97 став (1) и на член 120 став (1) од Законот за вработените во Министерството за одбрана и да донесе одлука со која истите ќе бидат укинати.

Во врска со наводите содржани во Иницијативата, Владата го доставува следното мислење:

1. Во член 64 став (7) од Законот за вработените во Министерството за одбрана е утврдено дека: „Одлуката на Овластениот одбор е конечна“, при оценувањето на вработен во Министерството кое се врши од страна на непосредно раководниот службеник, а во случај на негово отсуство од следниот непосредно повисок раководен службеник или државниот секретар, како и дека квалитативната контрола и конечната одлука за оценките во постапка по жалба, е во надлежност на Овластени одбори.

Начинот на оценување на вработените, обрасците за оценување и начинот на работа на Овластениот одбор во постапката по жалба, поблиску се уредува со правилник кој го донесува министерот, чиј правен основ е содржан во член 64 став (9) од Законот.

Во членот 10 од Правилникот за начинот на оценување на вработените во Министерството за одбрана, извештаите за следење на ефектот на учинок, образецот за оценување и начин на работа на овластениот одбор за преиспитување на оценката во постапката по жалба бр.01-876/1 од 11.3.2025 година, е утврдено, дека:

Квалитативната контрола и конечната одлука за оценките во постапката по жалба е во надлежност на Овластен одбор, за преиспитување на оценката во постапката по жалба, формиран со решение на министерот за одбрана (став 1). Овластениот одбор е составен од претседател, четири члена и нивни заменици (став 2). Претседателот на Овластениот одбор е државниот секретар на Министерството за одбрана, а негов заменик е највисокиот службеник од категоријата Б од областа на човечките ресурси, додека членовите на одборот и нивните заменици се избираат од категоријата на раководни службеници од областа на човечките ресурси и организационата единица во чиј состав е вработениот чија оценка е предмет на преиспитување (став 3). Овластениот одбор во постапката за преиспитување на оценката по жалба има право да ги повика на разговор вработените и непосредно раководниот службеник кој го извршил оценувањето, да побара дополнителни материјални докази, како и да повика други вработени на кои е упатено или кои можат да дадат релевантни информации за правилно утврдување на фактичката состојба. (став 6). Постапката за преиспитување на оценката, Овластениот одбор има обврска да ја спроведе во разумен рок, не подолг од 15 дена (став 7).

Одлуката на Овластениот одбор се доставува до вработениот по чија жалба се постапувало, до непосредно раководниот службеник кој го извршил оценувањето и до надлежната организациона единица за управување со човечки ресурси (став 8). Одлуката на Овластениот одбор е конечна (став 9).

Согласно став (6) на член 10 од Правилникот, на вработен во Министерството кој вложил жалба за преиспитување на оценката, му се дава можност да биде повикан на разговор, тој и неговиот непосредно раководен службеник кој го извршил оценувањето, како и на други вработени, со цел да дадат информации и податоци и дополнителни материјални докази, заради појаснување

на причините кои довеле до таквото оценување, а во насока на правилно утврдување на фактичката состојба во врска со вложената жалба, по што по вакво преиспитување на оценката по жалба, донесната одлука на Овластениот одбор станува конечна.

Со оваа оспорена законска одредба и нејзиното разработување во правилникот, се цени дека на вработениот не му е ускратено правото да поднесе жалба, а потоа и тужба за заштита на своето право пред надлежен суд.

2. Во член 96 став (2) алинеја 1, е утврдено дека основната компонента на платата ја сочинуваат основни бодови на плата,  а во член 97 став (1) е уредено, дека основните бодови на плата се минимален број на бодови за плата што ја добива секој вработен во Министерството, во висина од 364 бодови.

Во врска со овие оспорени одредби, се истакнува дека Министерството за одбрана како институција која го почитува Законот, секогаш водело и води сметка за усогласување на платите на вработените со минималната плата, од кои причини упатувањето на „основни бодови на плата“ наместо „минималана плата“ во основната компонента на платата, не претставува пречка да се врши усогласување на платите на вработените со мининалната плата и кога таа се зголемува, за толкав износ да се зголемуваат платите на вработените во Министерството.

3. Во член 120 став (1) е утврдено дека, Колективниот договор на Министерството за одбрана кој произлегува од овој закон ќе се склучи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Општите прописи за работните односи, не содржат рок за донесување на колективни договори. Со Законот за вработените во Министерството за одбрана кој влезе во сила на 11 март 2024 година (освен членовите 96, 97, 98, 100, 101, 102, 103 и 105 кои отпочнаа да се применуваат од 1 јануари 2025 година), се уредуваат статусот на вработените во Министерството за одбрана, правата и обврските од работен однос, внатрешната организација, систематизација и каталог на работни места во Министерството, посебните должности и овластувања, класификацијата и категоризацијата на работните места во Министерството, спецификите и карактеристиките на работните обврски во одбраната, школување, стручно оспособување, усовршување и специјализација, управување со ефектот, водење во кариера, вработување и унапредување, како и други прашања кои се однесуваат на работниот однос на вработените во Министерството со статус на овластени службеници во одбраната, кои до влегувањето во сила на овој закон и отпочнување на неговата целосна примена, беа уредени со Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, како и одредбите од законите на кои е упатено.

Според член 4 од Законот за вработените во Министерството за одбрана, одредбите од овој закон се применуваат за сите категории на вработени во Министерството, со исклучок на административните службеници за кои се применуваат одредбите од Законот за административните службеници, активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, упатен или поставен на должност во Министерството, за кои важат одредбите од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија и вработените со статус даватели на услуги од областа на културата, за кои се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за култура. На вработените во Министерството за одбрана, покрај одредбите од овој закон, како и одредбите од посебните закони на кои е упатено, се применуваат и одредбите од Колективниот договор на Министерството за одбрана.

Во овој контекст, се истакнува дека Законот за вработените во Министерството за одбрана, е прв посебен закон со кој се уредуваат прашања од работен однос и во врска со работниот однос на

вработените во Министерството за одбрана (освен на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата) соодветно на спецификите на работите и задачите за чие извршување е надлежно Министерството за одбрана согласно закон. Колективниот договор на Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.238/19), кој се применуваше до 14 февруари 2024 година, не можеше да биде основ за доуредување на правата и обврските од работен однос на вработените во Министерството, утврдени со Законот, како и со Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23), од кои причини се пристапи кон склучување на нов Колективен договор за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 36/24).

Следствено на наведеното, се цени дека член 64 став (7), член 96 став (2) алинеја 1, член 97 став (1) и член 120 став (1) од Законот за вработените во Министерството за одбрана не се спротивни на Уставот на Република Северна Македонија, односно на: член 8 став (1) според кој, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, на член 9 став (2) според кој, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви, на член 15 став (1) според кој, се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд, на член 32 став (5) според кој, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори, на член 50 став (2) со кој, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања, на член 51 според кој, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите и на член 54 став (1) според кој, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија цени дека наводите на подносителот содржани во Иницијативата за поведување на постапка за оценка на уставноста се неосновани и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на согласноста на член 64 став (7), член 96 став (2) алинеја 1, член 97 став (1) и член 120 став (1) од Законот за вработените во Министерството за одбрана со Уставот на Република Северна Македонија, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на наведените членови.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.70253, за КО Маџари, на КП бр.1901/3, викано место/улица „Благоја Стефковски“ и Имотен лист бр.70295, за КО Маџари, на КП бр.1901/11, викано место/улица „Благоја Стефковски“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Барзова од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100726, за КО Штип 4, на КП бр.10482, викано место/улица „В.Доганџиски“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот на КП бр.1952/1, КО Ракотинци, евидентиран во Имотен лист бр.955, викано место/улица „Стара Река“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**<u>Точка 53</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.26801, за КО Јурумлери, на КП бр.452/3, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**<u>Точка 54</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Цветановска од Куманово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.305, за КО Довезенце, на КП бр.299, викано место/улица „Трескоча“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**<u>Точка 55</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4819, за КО Берово, на КП бр.2172 и КП бр.2162, викано место/улица „Брегалница“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 56</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 57</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**<u>Точка 58</u>**

Владата го разгледа Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 59</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 60</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на имплементација на обврските од НАТО процесот на одбранбено планирање, чекор 3 и чекор 5, во периодот јануари-јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај на тема „Систем за интегрирано планирање на ресурсите - ИПР систем“, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за спроведување на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивната инклузија на пазарот на трудот“ 2025-2026 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид, заклучно со јуни 2025 година на ТАВ Македонија, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2024 година на ТАВ Македонија и Сертификатот за годишен надоместок за концесија, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Министерството за економија и труд во однос на поднесени барања за издавање на дозволи и одбиени барања за вршење промет на воени стоки за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот пазарен инспекторат за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Државниот инспекторат за труд за 2024 година, со Годишен извештај за работата на Државниот инспекторат за труд за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за првиот квартал од 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, за втор квартал (1 април – 30 јуни 2025 година), како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес (април - јуни 2025 година), со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот април – јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за период од 1 јануари 2025 година до 31 март 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 74**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, за период од 1 април до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за период од 1.1.2025 година до 30.6.2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата да го задолжи Министерството за правда во соработка со Агенцијата за управување со одземен имот, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*), во насока на олеснување на постапката за отстапување на одземените предмети и конфискуваниот имот на државните органи, која да се однесува на конечно одземените предмети и конфискуваниот имот со правосилна одлука и кај привремено одземениот имот/предмети.

**Точка 76**

Владата на предлог на предлагачот, ја одложи од разгледување Информацијата за статус на објект за проектот Изведба на Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо-Охрид.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 77**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за состојбата и финансиските аспекти поврзани со проектот за јавно-приватно партнерство (ЈПП) за интегрирано менаџирање со стерилизација и хируршки услуги во здравствени установи, со фокус на УК „Мајчин дом“.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи – Скопје и на Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи–Охрид, Одделение за внатрешни работи-Кичево, Полициска станица од општа надлежност – Кичево и согласно расправата на седницата на Владата ги донесе следните одлуки (усогласени со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии):

1. Одлуката за престанок и давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи и

2. Одлуката за престанок и давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од прераспределба на дел од средствата од заемот од Европската банка за обнова и развој за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин–Табановце, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт да достави писмено барање до Европската банка за обнова и развој за прераспределба на дел од средствата од заемот за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин–Табановце во износ до 300.000 евра, за категорија: консултантски услуги за техничка помош за имплементација на проектот и консултантски услуги за вршење на надзор над градбата.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за организација и реализација на Четиринаесеттиот Меѓународен форум за енергија и одржлив развој и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за европски прашања, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за култура и туризам, а се укажува на Филхармонија на Република Северна Македонија, во рок од пет дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достават номинација на член и негов заменик за учество во работната група за организација на Четиринаесеттиот Меѓународен форум за енергија и одржлив развој.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна логистичка поддршка за настанот, превоз со моторни возила кои ќе бидат на располагање на делегациите за времетраење на форумот, заклучно со 30.10.2025 година, вклучително и опрема (столчиња за седење, црвена патека и техничка опрема), транспорт за опремата и обезбедување оброк за службите за обезбедување и техничкиот персонал, кој ќе го опслужува Четиринаесеттиот Меѓународен форум за енергија и одржлив развој во координација со Протоколот при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да обезбеди дипломатска координација и комуникација со странските делегации, како и поддршка за логистиката поврзана со нивното пристигнување и престој.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите потребни активности согласно своите надлежности за целосно обезбедување на Четиринаесеттиот Меѓународен форум за енергија и одржлив развој, на сите локации каде што ќе се одржуваат сесиите и придружните активности, почнувајќи од 27 до 30 октомври 2025 година, до завршување на Форумот, односно до заминување на делегациите.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди техничка и протоколарна поддршка за Четиринаесеттиот Меѓународен форум за енергија и одржлив развој, вклучително и преведувачи, за официјалните настани во рамки на Форумот.

6. Се укажува на Филхармонија на Република Северна Македонија да ги стави на располагање објектот, дворот и техничките капацитети за одржување на програмските активности на Четиринаесеттиот Меѓународен форум за енергија и одржлив развој на 28 октомври 2025 година, како и да обезбеди логистичка и техничка поддршка за реализација на настанот, во согласност со безбедносните и протоколарни барања.

7. Се задолжува Министерството за култура и туризам да даде помош и поддршка во реализацијата на културно-уметничкиот дел на Форумот.

8. Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија - Скопје да обезбеди директен пренос на првиот дел од програмската содржина на првиот ден (28 октомври 2025 година) од Четиринаесеттиот Меѓународен форум за енергија и одржлив развој, со цел пошироката јавност да биде информирана за текот и значењето на настанот.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување план за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 година – ноември 2028 година, со Предлог-план и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 година – ноември 2028 година.

2. Го задолжи Министерството за финансии да формира единица за спроведување на проектот (ЕСП) во рамките на Министерството за финансии, за да помогне во администрирањето на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 година – ноември 2028 година.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии и Министерството за европски прашања.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на грант средства за техничка помош од Француската развојна а генција преку зелениот климатски фонд за Програмата за развој на енергетска ефикасност во објеки/згради peeb cool, ја усвои и го донесе следниот заклучок (усогласен со Секретаријатот за законодавство):

- Се овластува м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии да го потпише Писмото за барање за финансирање грант за мобилизирање на активности за Техничка помош и соработка преку Програмата за енергетска ефикасност во објекти/згради PEEB COOL и во рок од седум дена да го достави до Француската развојна агенција.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршување на пресудата за арбитажен предмет помеѓу тужителот г.Блажо Тасев (наследен од г.Гоце Тасев) против Република Северна Македонија како тужена страна (завршена постапка во полза на Република Северна Македонија) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот на нашите полномошници/адвокатската куќа Ашруст (AshrustLLP) за преземање на понатамошни дејствија за спроведување/извршување на пресудата со цел Република Северна Македонија да ги наплати досудените трошоци во износ од 2.140.295,40 евра.

2. Го задолжи претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународните договори да ја извести меѓународната адвокатска куќа за прифаќање на предлогот.

**Точка 84**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерални суровини – руди на олово и цинк на локалитетот „Саса“, Општина Македонска Каменица на Рудник Саса ДООЕЛ Македонска Каменица.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за донесената Пресуда на Арбитражниот суд во Париз, по однос на спорот за ИПА 2 Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“, согласно ФИДИК правилата - Министерство за финансии против компанијата GUNTOLI S.A.S од Франција, во конзорциум со „БАУЕР БГ“ Скопје од Република Северна Македонија и „NGE Contracting S.A.S“ од Франција, ја усвои и ја избра предложената опција на правните застапници за прифаќање на содржината на арбитражната одлука, како конечна и обврзувачка и во таа насока го задолжи Министерството за финансии во соработка со надлежните институции да ги преземе потребните активности за извршување на арбитражната одлука, вклучително и плаќање на утврдените обврски и соодветни трошоци за финансирање (камати).

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

*

*     *

Владата на Република Северна Македонија на Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 октомври 2025 година, по однос на точка 86, Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, без забелешки ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

По завршување на седница на Владата, од страна на Министерството за финансии е констатирана техничка грешка и прикачен е нов коригиран текст на истата, кој е реализиран.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за Стратегијата за развој на ИКТ: СМАРТ/МК 2030, со текст на Стратегија и Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за развој на ИКТ: СМАРТ/МК 2030, со заклучок текстот на истата да се доусогласи со Министерството за финансии и Министерството за транспорт.

2. Го прифати Акцискиот план 2025 – 2027 на Стратегијата за развој на ИКТ: СМАРТ/МК: 2030, со заклучок текстот на истиот да се доусогласи со Министерството за финансии и Министерството за транспорт.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:20 часот.